## КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА ЗА ДАНОКОТ НА ДОХОД ВО СВЕТОТ

Неодамна беше публикувано истражувањето на консултантската компанија “KPMG” во областа на персоналниот данок на доход. Според истражувањето може да се забележи тенденција на бавно глобално намалување на стапките на данок на доход од просечни 31,3% во 2003 на 28,8% во 2008 година.
Истражувањето е извршено во однос на 87 држави каде е направена анализа за промените во даночната политика во текот на последните 6 години.

Највисок данок на доход во светот плаќаат жителите на Европската унија. Но токму тука можеше да се забележи пад од просечни 41,5% во 2003 на 36,4% во 2008 година.

Во однос на големите западно европски држави, Франција направи сериозен пресек од 48,1% во 2003 година на 40% во 2008 годин, и Германија од 48,5% на 45%, и во 2005 и 2006 накратно застана на 42%. Не толку драстични падови беа забележани во Италија и Шпанија обете паднаа од на 45% во 2003 година на 43% оваа година.

Сепак она што се сметаше за најзначителен развој е претставувањето на рамниот данок во Европа. До сега, во главно источно европските земји го направија овој чекор, имено Естонија каде даноците паднаа од 26% во 2003 година до рамни 21% во 2008 година, Словачка од 38% се спушти на 19% и Романија од 40% на 16%.

На државно ниво највисоките даночни стапки ги плаќаат жителите на Данска, кои имаат стапка од 59% за цели 5 години, потоа Шведска чија стапка падна во 2007 година од 57% на 55% и Холандија со 5%.После европејците, највисоки даночни стапки палќаат жителите од Азија. Но и тука има пад во стапките од просечни 36,4 % во 2003 година на 34,6% во 2008 година.

Што се однесува на Република Македонија, од 2007 се воведе рамен данок со тоа што постојната стапка на персоналниот данок на доход од 18% се замени со единствена даночна стапка од 12% во 2007 година и стапка од 10% од 2008 година. Рамниот данок воведува нов даночен систем кој стимулира успешни компании за понатамошно подобрување на функциите и зголемување на профитот. Исто така компаниите ќе имаат можност да ги користат фондовите од зачуваните пониски даноци за зголемување на конкурентноста. Македонија има потпишано повеќе даночни договори се со цел да избегне двојно оданочење на странските компании кои работат во Македонија.

Во табелата претставени се некои посериозни промени во периодот 2003 – 2008 година.

**Данок на доход**

| | 2003 година | 2008 година |
|---|---|---|
| Македонија | 18% | 10% |
| Литванија | 33% | 24% |
| Естонија | 26% | 21% |
| Словачка | 38% | 19% |
| Романија | 40% | 16% |
| Чешка | 32% | 15% |
| Украина | 40% | 15% |
| Бугарија | 29% | 10% |

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk